Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ 2025–2027 ГОДИНА

Март 2025

*Инспекцискиот совет е сосредоточен на доследно и сеопфатно спроведување на процесите на реформа на јавната администрација, а во тој контекст и на инспекцискиот систем. Целта е ефикасно и ефективно задоволување на потребите и барањата на граѓаните и деловната заедница, преку развој на ефикасна и транспарентна инспекциска служба, како дел од јавната администрација, која ќе се потпира на интензивна дигитализација и оптимална структура.*

*Процесот на континуирано стратешко планирање овозможува најдобра платформа за ефикасно спроведување на надлежностите на Инспекцискиот совет, и обезбедува гаранција за донесување на клучните одлуки, кои ќе овозможат остварување на визијата.*

*Во тој контекст, Стратешкиот план на Инспекцискиот совет, ја поставува визијата за развој и одржливост, не само на институцијата, туку и на целокупниот инспекциски систем во Република Северна Македонија.*

*Стратешкиот развој ќе се реализира низ неколкуте програми, дефинирани во Стратешкиот план на Советот за периодот 2025-2027 година. Планот ја идентификува одговорноста за спроведувањето на предвидените активности, ја определува временската рамка и показателите за успешност, преку кои ќе се следи спроведувањето на програмите, но и потребните човечки и финансиски ресурси за нивно спроведување.*

*Сепак, остварувањето на утврдените приоритети и цели, бара висока професионалност на сите членови на Инспекцискиот совет и стручно – административната служба, но и нивна целосна посветеност на постигнување на посакуваните резултати.*

*Се разбира, целосниот успех зависи и од останатите заинтересирани субјекти, пред се инспекциските служби, без чија поддршка и соработка, тоа нема да биде можно.*

*Даниела Рендевска*
*Претседателка на Инспекциски совет*

*Скопје, март 2025 година*

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ... 1
2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ... 1
   - 2.1 Појдовна основа ... 1
   - 2.2 СВОТ анализа ... 3
     - 2.2.1 Интерни стратегиски фактори ... 3
     - 2.2.2 Екстерни стратегиски фактори ... 3
   - 2.3 ПЕСТЛЕ анализа ... 4
   - 2.4 Преземени мерки и очекувани резултати ... 5
3. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ ... 7
4. АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА ... 8
5. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ ВО РАБОТЕЊЕТО ... 9
6. МИСИЈА ... 10
7. ВИЗИЈА ... 10
8. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ ... 10
9. СПЕЦИФИЧНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ ... 12
   - 9.1 Инспекциски служби ... 12
10. СТРУКТУРА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ ... 13
11. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ... 14
12. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА ... 16
13. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА ... 22
14. ПРОГРАМИ ... 27
15. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ... 28
   - 15.1 План за спроведување на Програма 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби (буџетска програма 10 – администрација) ... 28
   - 15.2 План за спроведување на Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори (буџетска програма 10 – администрација) ... 31
   - 15.3 План за спроведување на Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет (буџетска програма 10 – администрација) ... 36
16. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ ... 40
17. ВЛИЈАНИЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ... 40
18. ПРИНЦИП НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ... 45

19. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ........ 46
20. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ ........ 47
21. АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ ........ 50
21.1 Ризици на ниво на стратешки план ........ 50
21.2 Ризици на ниво на Програма 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби ........ 52
21.3 Ризици на ниво на Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори ........ 53
21.4 Ризици на ниво на Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет ........ 54
22. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........ 55

# 1. ВОВЕД

Стратешкото планирање како процес на определување на стратегија или на насока на дејствување на една организација, како и процес на донесување одлуки за распределување на ресурсите со коишто располага дадената организација, ќе придонесе за поуспешна ориентираност кон конкретни резултати и остварување на утврдените стратешки приоритети на Инспекцискиот совет. Стратешкиот план како среднорочен стратешки документ, тесно е поврзан со процесот на буџетско планирање и извршување во период од три години и претставува значаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на Програмите во надлежност на Инспекциски совет. Планот е изработен согласно Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2024 година (Сл. Весник на РСМ бр.177/24) и Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година.

Стратешкиот план на Инспекциски совет 2025-2027 содржи три стратешки програми:

- Програма 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби,
- Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори,
- Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет.

# 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## 2.1 Појдовна основа

Инспекцискиот совет е самостоен орган на државната управа и претставува колегијално тело, составено од претседател и шест членови, кои функцијата ја извршуваат професионално, со мандат од четири години. Советот работи и одлучува на седница, при што одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, а одлуките ги потпишува претседателот или член на Советот, кој што е овластен од претседателот.

Примарната цел на Инспекцискиот совет е преку реформи во инспекцискиот систем да придонесе за унапредување на капацитетот на службите задолжени за владеење на правото, за заштита на правата на граѓаните, заштита на животот и здравјето, заштита на конкурентноста на пазарот и заштита на фискалните интереси на државата.

За поддршка на работењето на членовите на Инспекцискиот совет, функционира и стручно-административна служба, со која раководи генерален секретар, на начин кој обезбедува законито, стручно, одговорно, навремено и економично работење. Вработените имаат статус на административни односно државни службеници. Заклучно со 28.02.2025 година, од 38 (триесет и осум) работни позиции, пополнети се 11 (единаесет) работни позиции, од кои две во мирување, а едно од нив, од ниво Б04 е распоредено на ниво А02. Согласно донесените

акти за систематизација и внатрешна организација, Инспекцискиот совет е организиран во 3 (три) сектори и едно независно одделение.

Надлежностите на Советот се пропишани во член 18 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19, 272/24 и 22/25) во натамошниот текст ЗИН.

Во надлежност на Советот се вкупно 28 инспекциски служби, кои согласно ЗИН, имаат обврска да доставуваат бројни извештајни документи до Советот во законски утврдени рокови. На тој начин се врши следење и координирање на работата на инспекциските служби.

Координацијата и комуникацијата на Советот со инспекциските служби мора да биде на највисоко ниво, со цел исполнување на обврските пропишани со закон. Но, за жал, во пракса се покажува дека законските рокови не се почитуваат од страна на некои инспекциски служби, што може да придонесе за застој во работата на Советот. Од овие причини, Советот, воспостави систем за целосна дигитализација и автоматизација на инспекцискиот надзор Е-инспектор, со кој сите инспектори ќе бидат поврзани на централно ниво и целокупната инспекциска постапка ќе се врши дигитално, а на кој во моментот се вклучени шестнаесет инспекциски служби и ја користат платформата (Државен пазарен инспекторат, Државен инспекторат за труд, Државен управен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот девизен инспекторат, Државен комунален инспекторат, Државен инспекторат за транспорт, Државен инспекторат за градежништво и урбанзам, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен инспекторат за локална самоуправа, Инспекторат за употреба на јазиците, Државниот просветен инспекторат, Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за земјоделство, Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини и Агенцијата за храна и ветеринарство), а неговото доразвивање и приклучување на останатите инспекциски служби под јурисдикција на Инспекцискиот совет е главен приоритет за следниот тригодишен период. Системот треба да овозможи електронска распределба на надзори по инспектори, следење на реализацијата на надзорите и генерирање на записници и решенија, генерирање на месечни планови, шестмесечни извештаи и други типови на извештаи, за секоја инспекциска служба. Придобивките од овој систем за субјектите на надзор се далеку поголеми отколку за самите инспектори и инспекциски служби. Овој систем ќе го намали субјективното влијание на инспекторот кој го врши инспекцискиот надзор. Преку автоматизирани листи за проверка со кои ќе бидат прецизирани правата и обврските, но и мерките за не исполнетоста на обврските, инспекцискиот надзор ќе биде објективен, унифициран и без можност за манипулација, со што ќе се зголеми правната сигурност и довербата на граѓаните во севкупниот инспекциски систем.

Исто така, Советот е одговорен за организирање интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор, организирање испити за инспектор – општ дел, издавање и одземање на лиценца за инспектор по сила на закон, воспоставување и одржување на систем за стручно усовршување и обука на инспектори во инспекциските служби. Во таа насока, во функција е дигитализиран и одржлив систем ЛМС за стручно усовршување и обука на кандидатите за инспектори и инспекторите во инспекциските служби.

Советот, по надлежност, постапува по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор и по потреба поднесува иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор.

Инспекцискиот совет особено внимание посветува и на соработката со сите релевантни домашни и странски институции од владиниот, невладиниот и граѓанскиот сектор. Целта на овие соработки, пред се, е зајакнување на улогата на Советот во системот на хоризонтална координација на инспекцискиот надзор и обезбедување на целосно разбирање (медиумско/јавно/политичко), на неговата улога и значење во процесот на реформата на јавната администрација.

## 2.2 СВОТ анализа

### 2.2.1 Интерни стратегиски фактори

- Предности (Strengths)
  - добро поставена организациска структура
  - посветеност на вработените за квалитетно и навремено извршување на работните обврски
  - соодветна правна рамка (Закон за инспекциски надзор) и одлична примена на правото во сите работни процеси
  - делегирање на работни обврски и контрола на извршување
  - ефикасно и ефективно донесување на ad hoc одлуки од страна на раководството,
  - транспарентност во работењето на Советот
  - редовна контрола и комуникација со инспекциските служби
  - учество на Советот во реформата на јавната администрација
  - продолжена соработка со Европската банка за обнова и развој (во натамошниот текст: ЕБОР) во спроведување на проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија,
- Слабости (Weaknesses)
  - недоволна кадровска екипираност
  - нецелосна усогласеност на материјалните закони, по кои постапуваат инспекциските служби, со ЗИН

### 2.2.2 Екстерни стратегиски фактори

- Можности (Opportunities)
  - продолжување и зголемување на соработката со меѓународни организации, институции и асоцијации
  - воспоставување на регионална соработка и размена на искуства и знаења

- воспоставување на стратегиски одржливи партнерства
- вработување на административни службеници, согласно Правилникот за систематизација на работните места
- надградба на знаењата и стручно усовршување на вработените

▪ Ограничувања (Threats)

- недоволна свесност на широката јавност и бизнис заедницата за функцијата, улогата и значењето на Советот

## 2.3 ПЕСТЛЕ анализа

▪ Политичко подрачје

- Политичка стабилност
- Стратешки приоритети на Владата
- Ниво на корупција во државата

▪ Економско подрачје

- Економски раст
- Каматни стапки
- Инфлација
- Стапка на невработеност
- Приходи на населението

▪ Социо-културно подрачје

- Демографски фактори
- Стапка на пораст на населението
- Образование
- Кариерни ставови
- Културни и етнички бариери

▪ Технолошко подрачје

- Раст на технолошки развој
- Иновацијата или развој на нови процеси, производи или услуги
- Автоматизација на процеси
- Ниво на свесност

▪ Правно подрачје

- Промени во законска регулатива

- Еколошко подрачје
  - Климатски промени
  - Корпоративна одговорност

## 2.4 Преземени мерки и очекувани резултати

Недоволната кадровска екипираност на Инспекцискиот совет, се уште е негова клучна слабост, иако со Правилникот за систематизација на работните места во Инспекциски совет (Број 01-181/1 од 3.2.2020 година) и Правилникот за организација и работа на Инспекциски совет (Број 01-164/1 од 31.1.2020 година) е направена комплетна реорганизација на секторите и одделенијата, како и на работните места, со цел да се одговори на законските надлежности воспоставени со ЗИН. Со ваквата организациска структура и пополнувањето на предвидените работни места, Инспекцискиот совет ќе располага со стручен кадар за секоја област од делокругот на своите надлежности и ќе може ефикасно и ефективно да одговори на дадените обврски. Со оглед на фактот дека од 38 (триесет и осум) работни позиции, заклучно со 28.02.2025 година, пополнети се 11 работни позиции, односно 26,3 %, од кои две во мирување, а едно од нив, од ниво Б04 е распоредено на ниво А02, се очекува во периодот 2025-2027 година да се подобри оваа состојба, со цел ефикасно и ефективно функционирање на Советот.

Со развојот на електронскиот систем за управување со стручното усовршување и обука на инспекторите (ЛМС), надминат е предизвикот во однос на организирањето на интерактивната обука и општиот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор, како и организирањето на генеричките обука за инспектори. ЛМС системот континуирано се надградува во однос на генеричките обуки. Во текот на 2021 година е направена ревизија на постоечките осум интерактивни обуки за стекнување со лиценца за инспектор, развиени се нови материјали за сите тринаесет теми за генерички обуки на инспекторите, во 2022 година е додадена една нова генеричка обука – Систем на интегритет во инспекциските служби, во 2023 уште една нова генеричка обука - Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор - Е-инспектор, која е на располагање на инспекторите од април 2024 година, а во текот на 2024 година е планирано да се развие уште една нова генеричка обука - Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка, која ќе биде на располагање на инспекторите во 2025 година, што значи дека инспекторите имаат избор од 16 генерички обуки за усовршување на знаењата и вештините.

Инспекцискиот совет во текот на 2020 година започна со развивање на софтверско решение за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење „Е-инспектор“, како најсеопфатен и најважен инструмент во борбата за спречување на корупцијата.

Е-инспектор ќе овозможи електронско поврзување и работење на сите 28 инспекциски служби под јурисдикција на Инспекцискиот совет и ќе придонесе за подобрување на институционалните капацитети и зголемување на меѓу институционалната соработка. За таа цел се преземени следните активности:

- Април 2019 година – подготвен е документот „Дизајн на новиот концепт на инспекцискиот информатички систем во Република Северна Македонија“,
- Ноември 2019 година – МИОА склучува Меморандум за соработка за развој на пилот софтверско решение за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење, со Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо.
- Февруари 2020 година – ИДЕАС ДеПо склучува договор со компанијата ИТгма, Скопје, за развој на пилот софтверско решение, односно спроведување на првата фаза во изградбата на целиот систем, Статус на развојот на Е-инспектор МИОА склучува Меморандум за соработка за развој на пилот софтверско решение за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење, со Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо

Е-инспектор е поврзан на платформата за интероперабилност, која овозможува меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци помеѓу државните органи и институции, за што на 27.07.2020 година, Инспекцискиот совет и Министерството за информатичко општество и администрација, склучи Договор за воспоставување на пристап за поврзување на повеќе посредни корисници на единствената околина преку единствен комуникациски клиент.

Системот е пуштен во пробна работа (Пилот фаза од неговиот развој), во средината на 2021 година. Во оваа фаза се вклучени три инспекциски служби, додека дополнителни 13 инспекциски служби (втора фаза) се вклучени во април 2024 година преку проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, финансиран од Европска Банка за обнова и развој (втора фаза), а вклучувањето на останатите 12 инспекциски служби (трета фаза) е планирано во периодот 2025-2026 година, но вклучувањето на овие инспекциски служби на системот Е-инспектор ќе зависи од процесот на реорганизација на државната управа.

Во првата пилот фаза од развојот на платформата за автоматизација и дигитализација на инспекциското работење (Е-инспектор), во која беа вклучени Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат, развиени се модулите за Планирање на инспекциски надзор врз основа на проценка на ризик, Спроведување на инспекциски надзор и IT help desk.

Во февруари 2022 година Инспекцискиот совет ја продолжи соработка со ЕБРД, преку проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Северна Македонија. Целта на проектот е автоматизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 модули за електронизација на инспекциската постапка за 13 инспекциски служби (Државен инспекторат за земјоделство, Државен просветен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Агенција за храна и ветеринарство, Државен инспекторат за транспорт, Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен комунален инспекторат, Инспекторат за употреба на јазиците, Државен инспекторат за локална самоуправа и Државен девизен инспекторат), односно втората фаза од развојот

проектот, кои ќе бидат дел од информацискиот систем Е-инспектор. Со целосно вклучување на платформата Е-инспектор на сите 13 инспекциски служби од втората фаза, односно април 2024 година, официјално завршува проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, финансиран од Европска Банка за обнова и развој, но ИТ компанијата ИТгма согласно договорот има обврска да го одржува системот уште една година, односно до април 2025 година. Во 2022 година, Инспекцискиот совет ја обезбеди потребната хардверска опрема за дополнителните 13 инспекциски служби (преносни компјутери и печатари), со цел успешно приклучување на системот Е-инспектор и комплетирање на втората фаза од проектот.

Третата фаза од проектот, односно развојот на модулите и вклучување на платформата Е-инспектор на 12-те останати инспекциски служби (Агенција за лекови и медицински средства - Одделение за инспекциски надзор, Министерство спорт - Сектор за инспекциски надзор , Дирекција за заштита и спасување - Сектор за генерален инспектор, Дирекција за радијациона сигурност- Одделение за инспекциски надзор, Државен архив на Република Македонија - Одделение за инспекциски надзор, Министерство за здравство - Сектор за хемикалии, Министерство за култура- Сектор за управен и инспекциски надзор, Министерство за транспорт и врски- Капетанија на пристаништа Охрид, Министерство за социјална политика, демографија и млади - Сектор за инспекциски надзор во социјалната заштита, Управа за заштита на културно наследство, Управа за сигурност во железничкиот сообраќај и Центар за управување со кризи - Одделение за инспекциски надзор) кои во овој момент се организирани како внатрешни организациски единици во состав на органите на државната управа, ќе зависи директно од процесот на реорганизација и оптимизација на инспекциските служби, кој се одвива како дел од сеопфатниот процес на реорганизација на јавната администрација, и ќе бидат предмет на вклучување на платформата Е-инспектор во зависност од крајниот исход на реорганизацијата. Во врска со осовременувањето на хардверската подготовка на преостанатите 12 инспекциски служби, Советот успеа да обезбеди преносни компјутери за сите инспектори со поддршка од Владата на РСМ и Државниот завод за статистика преку Договори за давање на трајно користење на движни ствари без надомест, со кои 88 преносни компјутери се доделени на трајно користење на 12-те инспекциските служби. Имајќи го во превид фактот дека не е започнат Развојот на модулите за овие 12 инспекциски служби, Инспекцискиот совет во овој момент нема оправданост за да започне постапка за јавна набавка на останатата опрема, односно решенија за печатење во возила.

## 3. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ

Инспекцискиот совет е клучната институција во системот на инспекциски надзор. Советот, за прв пат е воспоставен како постојано меѓу ресорско тело за координација на инспекциските служби, во 2010 година, во 2014 година прераснува во самостоен државен орган задолжен за спроведување на делокругот на надлежности утврдени со закон, а во 2019 година, неговиот статус е изменет во самостоен орган на државната управа, чија основна надлежност е следењето и координацијата на работењето на инспекциските служби на централно ниво.

# 4. АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА

Основен правен акт со кој е регулирано работењето на Инспекциски совет е Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/19, 272/24 и 22/25), чија примена отпочна на 30.11.2019 година, како и повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон:

- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот за спроведување на Испит за стекнување со лиценца за инспектор (член 43 став 11), Службен весник на РСМ бр.167/21
- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Месечниот план за инспекциски надзор (член 34 став 4), Службен весник на РСМ бр.167/21
- Правилник за формата и содржината на Годишниот план за работа на инспекциската служба (член 33 став 4), Службен весник на РСМ бр.238/19
- Правилник за формата и содржината на Месечниот план за инспекциски надзор (член 34 став 4), Службен весник на РСМ бр.238/19
- Правилник за формата и содржината на Извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и Годишен извештај за работата на инспекциските служби (член 35 став 6), Службен весник на РСМ бр.238/19
- Правилник за формата и содржината на програмите за обука за стекнување со лиценца за инспектор (член 42 став 7), Службен весник на РСМ бр.238/19
- Правилник за начинот за спроведување на Испит за стекнување со лиценца за инспектор (член 43 став 11), Службен весник на РСМ бр.238/19
- Правилник за формата и содржината на образецот за лиценца за инспектор (член 44 став4), Службен весник на РСМ бр.238/19
- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација и значката на инспекторот, како и начинот на нивното издавање и одземање во инспекциските служби (член 46 став 4), Службен весник на РСМ бр.238/19
- Упатство за доделување на парична награда на инспектор (член 51 став 5), Службен весник на РСМ бр.238/19
- Правилник за начинот на оценување и формата и содржината на образецот за оценување на учинокот на инспекторите(член 57 став 8), Службен весник на РСМ бр.238/19
- Правилник за формата и содржината на Извештајот за оценување на учинокот на инспектор(член 61 став 4),

- Програма за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор (член 42 став 5),
- Програма за испит за лиценца – Општ дел (член 43 став 4),
- Годишна програма за генерички обуки на инспекторите (член 49 став 3),
- Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор (член 66 став 6), Службен весник на РСМ бр.255/19
- Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик;(член 32 став 9), Службен весник на РСМ бр.247/19
- Правилникот за формата и содржината на регистрите и информацискиот систем за инспекциски надзор (член 36), Службен весник на РСМ бр.278/19
- Правилник за формата и содржината на записникот за извршен инспекциски надзор (член 82 став 5), Службен весник на РСМ бр.153/23
- Правилник за формата и содржината на решението за изрекување на инспекциска мерка (член83 став 8), Службен весник на РСМ бр.153/23
- Упатството за изработка на листите за проверка (член 70).

Дополнително, Инспекциски совет во своето работење постапува и по следните правни акти:

- Закон за вработените во јавен сектор,
- Закон за административни службеници,
- Закон за општа управна постапка,
- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола,
- Прирачник за финансиско управување и контрола,
- Закон за буџетите,
- Закон за извршување на Буџетот на РСМ,
- Закон за јавни набавки,
- Закон за постапување по претставки и предлози.

## 5. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ ВО РАБОТЕЊЕТО

Основните принципи во работењето на Инспекцискиот совет, се темелат на неколку вредности, чие што најшироко прифаќање од сите заинтересирани страни гарантира успешност. Тие вредности се следните:

- Транспарентност
- Отчетност
- Сигурност
- Партнерство
- Општествена одговорност
- Учество на јавноста
- Почитување на законите
- Зелена индустрија
- Здрава популација

# 6. МИСИЈА

Мисијата на Инспекцискиот совет е обезбедување на владеење на правото, заштита на правата на граѓаните, унапредување на заштита на здравјето и животот на луѓето, заштита на животната средина и унапредување на конкурентен економски амбиент, во рамките на делокругот на неговата работа.

Својата мисија, Инспекцискиот совет ја остварува, пред се, преку целосно и доследно спроведување на позитивните законски прописи во областите од делокругот на неговата работа, обезбедувајќи нејзин тренд со современите потреби и реформски текови во Република Северна Македонија.

# 7. ВИЗИЈА

Модерен, функционален и ефикасен инспекциски систем, кој се потпира на најдобрите национални и меѓународни практики, во кој веруваат и граѓаните и економските оператори во Република Северна Македонија.

# 8. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ

Во членот 18 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/19, 272/24 и 22/25), таксативно се наброени сите надлежности на Советот, кои се поврзани, односно се однесуваат на: инспекциските служби во органите на државната управа, односно централната власт; на сите инспектори, независно дали се вработени во инспекциските служби во органите на државната управа или на единиците на локалната самоуправа; и на самиот Совет. Листата на надлежности вклучува:

1) ја следи и координира работата на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
2) се грижи за примена на меѓународно признатите стандарди за инспекциски надзор пропишани од меѓународните, европските и регионалните организации за стандардизација, како и за стандардите и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор;
3) дава мислење на методологиите за проценка на ризик донесени од инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
4) дава мислење на предлозите на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор;
5) издава налог за вршење на поединечен и заеднички инспекциски надзор, на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
6) донесува програма за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор;
7) донесува програма за испит за лиценца за инспектор - општ дел и го организира и спроведува општиот дел од испитот за лиценца за инспектор;
8) Издава и одзема лиценца за инспектор;
9) Развива политики за управување со учинокот на инспекторите и ја следи успешноста на нивното работење;
10) креира единствена рамка за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
11) воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обука на инспектори во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици на инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
12) донесува и спроведува годишна програма за генеричка обука на инспекторите во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
13) донесува стратешки план, годишен план за работа и годишен извештај за работа на Советот;
14) воспоставува и одржува регистри и информациски систем за управување со инспекцискиот надзор;

15) постапува по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор;
16) поднесува иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор;
17) спроведува меѓународна соработка во областа на инспекциски надзор и
18) други работи утврдени со закон.

# 9. СПЕЦИФИЧНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ

Советот е колегијален орган, кој одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, а раководната функција ја има претседателот на Советот, кој може да овласти еден од членовите на Советот, да го заменува во случај на негово отсуство или спреченост.

## 9.1 Инспекциски служби

Во Регистарот на инспекциски служби кои се во надлежност на Инспекцискиот совет, заклучно со 28.02.2025 година, регистрирани се 28 инспекциски служби, од кои 15 функционираат како државни инспекторати во состав на министерства и 13 инспекциски служби кои функционираат како организациски единици во состав на други органи на државната управа (Табела 1).

Во овие 28 инспекциски служби, согласно Регистарот на видови на инспектори (РЕГ-3-РВИ), утврдени се 45 видови инспектори, а согласно Регистарот на инспектори (РЕГ-4-РИН), заклучно со 28.02.2025 година, вработени се 913 инспектори, кои вршат инспекциски надзор. согласно Регистарот на закони и подзаконски акти според области на инспекциски надзор (РЕГ-1-РЗП), заклучно со 28.02.2025 година, инспекциските служби се надлежни за контрола на примената на над 200 закони и над 350 подзаконски акти кои произлегуваат од истите. Централните управи на сите инспекциски служби се со седиште во Скопје, со различен вид на организациски единици во 30 други населени места во Република Северна Македонија.

*Табела 1 Инспекциски служби во надлежност на Инспекциски совет*

| | Инспекторати во состав на министерства | | Организациски единици |
|---|---|---|---|
| 1 | Државен пазарен инспекторат | 1 | Агенција за храна и ветеринарство- Сектор за инспекциски надзор |
| 2 | Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини | 2 | Дирекција за заштита и спасување |
| 3 | Државен инспекторат за труд | 3 | Дирекција за радијациона сигурност |
| 4 | Државен девизен инспекторат | 4 | Управа за заштита на културно наследство |
| 5 | Државен инспекторат за животна средина | 5 | Управа за сигурност во железничкиот сообраќај |
| 6 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 6 | Центар за управување со кризи- Одделение за инспекциски надзор |
| 7 | Државен инспекторат за земјоделство | 7 | Министерство за социјална политика, демографија и млади - Сектор за инспекциски надзор во социјалната заштита |

| | Инспекторати во состав на министерства | | Организациски единици |
|---|---|---|---|
| 8 | Државен инспекторат за шумарство и ловство | 8 | Агенција за лекови и медицински средства- Одделение за инспекциски надзор |
| 9 | Државен инспекторат за транспорт | 9 | Министерство за спорт - Одделение за инспекциски надзор |
| 10 | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | 10 | Министерство за транспорт – Капетанија на пристаништата Охрид |
| 11 | Државен комунален инспекторат | 11 | Министерство за култура и туризам - Сектор за управен и инспекциски надзор |
| 12 | Државен просветен инспекторат | 12 | Министерство за здравство – Сектор за хемикалии |
| 13 | Државен управен инспекторат | 13 | Државен архив на Република Северна Македонија- Одделение за инспекциски надзор |
| 14 | Државен инспекторат за локална самоуправа | | |
| 15 | Инспекторат за употреба на јазиците | | |

# 10. СТРУКТУРА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ

Советот е составен од претседател и шест члена за одделни области. Тие имаат мандат од четири години, со право на уште еден избор. Актуелниот состав на Инспекцискиот совет го сочинуваат:

- Даниела Рендевска – претседател,
- Игор Вељаноски – надлежен член за област 1 – Пазар, работни односи и безбедност и здравје при работа,
- Влатко Серафимов – надлежен член за област 2 – Животна средина и заштита на здравје на луѓето,
- Ресул Шемо – надлежен член за област 3 – Градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт,
- Меџит Јусуфи – надлежен член за област 4 – Земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна,
- Ќерамедин Селими – надлежен член за област 5 – Образование, наука и култура, и
- д-р Благоја Гешоски – надлежен член за област 6 – Управа.

За поддршка на работењето на членовите на Инспекцискиот совет, функционира и стручно-административна служба, со која раководи генерален секретар, на начин кој обезбедува законито, стручно, одговорно, навремено и економично работење. Вработените имаат статус на административни односно државни службеници.

Актуелен генерален секретар на Инспекциски совет е Сара Николовска.

Согласно Правилникот за внатрешна организација број 01-164/1 од 31.1.2020 година и Правилникот за систематизација на работните места број 01-181/1 од 3.2.2020 година и број

01-494/1 од 26.05.2021 година, службата е организирана во три сектори со по две одделенија и Одделение за финансиски прашања, независно од останатите организациски единици на Советот (Слика 1), во кои се систематизирани вкупно 38 работни места, а заклучно со 28.02.2025 година, пополнети се 11 работни позиции (од кои две во мирување, од кои едно од нив, од ниво Б04 е распоредено на ниво А02), односно 26,3%.

*Слика 1 Органограм на Инспекциски совет (состојба 28.02.2025)*




# 11. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Главните развојни цели на Инспекцискиот совет, произлегуваат од неговите законски надлежности, Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2024 година (Сл. Весник на РСМ бр.177/24) и Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година.

Во наредниот тригодишен период, Инспекцискиот совет ќе се фокусира на целосно и доследно спроведување на законската регулатива за инспекциски надзор, спроведување на процесите на реформи во јавната администрација односно, реорганизација на инспекцискиот систем преку оптимизација на инспекциските служби за овозможување на ефикасно и ефективно и економично работење на истите, како и на сопственото доизградување и зајакнување на капацитетите за вршење на законските надлежности.

Во овој контекст Инспекцискиот совет има поставено пред себе повеќе стратегиски приоритети и цели, кои треба да бидат реализирани во периодот 2025-2027 година.

**Приоритет 1 Автоматизиран и дигитализиран систем за следење и координација на работата на инспекциските служби**

⇨ Цел 1 – Целосна усогласеност, поедноставување и хармонизација на материјалните закони со Законот за инспекциски надзор,

⇨ Цел 2 – Спроведување на дигиталната платформа „е-инспектор“ во сите инспекциски служби на централно ниво,

⇨ Цел 3 – Воспоставување на внатрешни стандардни оперативни процедури за преземање дејства и постапување по примени информации,

⇨ Цел 4 – Засилување на улогата на Инспекцискиот совет, особено во координацијата на инспекциските служби,

**Приоритет 2 Одржлив и дигитализиран систем за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби**

⇨ Цел 1 – Континуирана надградба на платформата за електронско учење на кандидатите за инспектори на општинско и централно ниво, како и на инспекторите во сите инспекциски служби на централно ниво,

⇨ Цел 2 – Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор,

⇨ Цел 3 – Подобрување на имиџот на инспекторите во Република Северна Македонија со високо ниво на генерално познавање на предметните области и развиени вештини и компетенции на инспекторите и кандидатите за инспектори,

⇨ Цел 4 – Воспоставување на професионална средина за обуки и јадро од високо професионални обучувачи инспектори,

**Приоритет 3 Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет**

⇨ Цел 1 – Зајакнување на организациската поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија,

⇨ Цел 2 – Воспоставување на програми за обука на вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување, потребни за исполнување на стратегиските приоритети и цели,

⇨ Цел 3 – Подобрување на активната транспарентност, отворени податоци за јавноста и поедноставен пристап до нив,

⇨ Цел 4 – Воспоставување на одржливи стратегиски партнерства и склучување на договори со релевантни заинтересирани страни, вклучувајќи меѓународни организации и асоцијации поврзани со инспекциските служби, инспекциски служби, министерства и други државни органи, стопански комори, невладини организации и донаторска заедница,

⇨ Цел 5 – Подигнување на свеста на граѓаните и на бизнис заедницата и обезбедено целосно разбирање (медиумско/јавно/политичко), за функцијата, улогата и значењето на Советот во процесот на реформата на јавната администрација,

# 12. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА

Постапувајќи во рамките на законските надлежности, Инспекцискиот совет во текот на 2023 година вкупно 77 седници, од кои 66 редовни, 10 вонредни и 1 свечена седница, на кои се разгледани вкупно 618 точка.

Во врска со спроведување на Програмата 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби, Инспекциски совет во текот на 2023 година ги постигна следните резултати:

| Очекувани резултати од Програмата: | |
|---|---|
| Резултат 1:<br>Целосна усогласеност, поедноставување и хармонизација на материјалните закони со Законот за инспекциски надзор | Показател за успешност:<br>Број на усогласени материјални закони и подзаконски акти, со ЗИН (17), |
| Резултат 2:<br>Спроведување на дигиталната платформа „е-инспектор“ во сите инспекциски служби на централно ниво | Показател за успешност:<br>Број на инспекциски служби кои ја користат платформата „е-инспектор“ (3),<br>Број на инспекциски надзори (по вид), кои се целосно планирани и спроведени преку платформата „е-инспектор“ (Р-В-К) (3.879) |
| Резултат 3:<br>Воспоставени внатрешни стандардни оперативни процедури (СОП) за преземање дејства и постапување по примени информации | Показател за успешност:<br>Број на СОП усвоени од Советот (2) |
| Резултат 4:<br>Засилена улога на Инспекцискиот совет, особено во координацијата на инспекциските служби | Показател за успешност:<br>Број на издадени налози за единечни и заеднички вонредни надзори (45)<br>Број на дадени мислења за Шестмесечни извештаи за работа на инспекциските служби (52)<br>Број на дадени согласности за Годишни планови за работа на инспекциските служби (27) |
| Резултат 5:<br>Реорганизација и намалување на бројот на инспекциски служби и зголемување на пополнетоста на работните места за инспектори на најмалку 80%, | Показател за успешност:<br>Број на инспекциски служби (28),<br>Број на инспектори (912), |

| | |
|---|---|
| | Процент на пополнетост на работни места за инспектори (62%) |

Оценката на постигнатите резултати од спроведување на Програмата 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби е 4,3 на скала од 1 до 5, поради тоа што Резултат 5 се оценува со 1 затоа што не е реализиран. Останатите резултати се целосно реализирани и се оценети со оцена 5.

Во врска со спроведување на Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори, Инспекциски совет во текот на 2023 година ги постигна следните резултати:

| Очекувани резултати од Програмата: | |
|---|---|
| Резултат 1:<br>Спроведување на платформата за електронско учење на кандидатите за инспектори на општинско и централно ниво, како и на инспекторите во сите инспекциски служби на централно ниво | Показател за успешност:<br>Број на инспектори кои ја користат платформата (912)<br>Број на посетени обуки преку платформата (2.998)<br>Број на додадени SCORM курсеви на ЛМС платформата (1) |
| Резултат 2:<br>Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор | Показател за успешност:<br>Број на издадени сертификати за завршена генеричка обука (2.998)<br>Број на кандидати за инспектори кои завршиле интерактивна обука (96)<br>Број на кандидати кои успешно го положиле општиот дел од Испит за стекнување со лиценца за инспектор (95)<br>Број на издадени лиценци за инспектори (139) |
| Резултат 3:<br>Подобрен имиџ на инспекторите во Република Северна Македонија со високо ниво на генерално познавање на предметните области и развиени вештини и компетенции на инспекторите и кандидатите за инспектори | Показател за успешност:<br>Број на претставки против инспектори и инспекциски служби (496) |
| Резултат 4:<br>Воспоставена професионална средина за обуки и јадро од високо професионални обучувачи инспектори | Показател за успешност:<br>Просечна оцена на анонимен анкетен прашалник за оцена квалитетот на интерактивната обуката за сите модули (нема)<br>Просечна оцена на анонимен анкетен прашалник за оцена квалитетот на обучувачите (нема) |

| | |
|---|---|
| | Број на обучувачи инспектори (23) |
| Резултат 5:<br><br>Интензивирање на соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, во областа на континуирано стручно усовршување на инспекторите | Показател за успешност:<br><br>Спроведување на меморандумот за соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата (склучен Меморандум за соработка помеѓу Инспекцискиот совет и Државната комисија за спречување на корупција на 9.12.2021 година)<br><br>Продолжена интензивна соработка со Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка |

Оценката на постигнатите резултати од спроведување на Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори е 5 на скала од 1 до 5.

Во врска со спроведување на Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет, Инспекциски совет во текот на 2023 година ги постигна следните резултати:

| Очекувани резултати од Програмата: | |
|---|---|
| Резултат 1:<br><br>Зајакната организациска поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија | Показател за успешност:<br><br>Број на нови вработувања во Советот (0)<br><br>Број на унапредувања во Советот (4)<br><br>Број на реализирани вработувања преку мобилност во Советот (3)<br><br>Број на распоредувања во Советот (0) |
| Резултат 2:<br><br>Воспоставени програми за обука на вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување | Показател за успешност:<br><br>Број на успешно реализирани обуки (6)<br><br>Број на вработени кои посетиле Обука од областа на родова еднаквост (0)<br><br>Број на пријавени проблеми при користење на дигиталната платформа (нема)<br><br>Број на креирани обуки во дигиталната платформа (1) |

Оценката на постигнатите резултати од спроведување на Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет е 3 на скала од 1 до 5, затоа што и Резултат 2 е делумно реализиран во текот на 2023 година.

Инспекцискиот совет во текот на 2023 година интензивно работеше на развивање на софтверско решение („е-Инспектор"), за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење, кој ќе овозможи електронско поврзување и работење на сите 28 инспекциски служби под негова јурисдикција. Соработката на Инспекцискиот совет со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) продолжи и во 2023 година. Имено, во февруари

2022 година започна со реализација проектот е-Инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од ЕБОР, чија основна цел е целосна автоматизација и електронизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 нови модули за 13 инспекциски служби.

Согласно Планот за реализација на проектот, до крајот на 2023 година се развија 13 модули за:

- Државен инспекторат за земјоделство
- Агенција за храна и ветеринарство
- Државен санитарен и здравствен инспекторат
- Државен инспекторат за животна средина
- Државен просветен инспекторат
- Државен инспекторат за шумарство и ловство
- Државен комунален инспекторат
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
- Државен инспекторат за локална самоуправа
- Државен инспекторат за транспорт
- Државен технички инспекторат
- Државен девизен инспекторат и
- Инспекторат за употреба на јазиците.

Врз основа на развиените модули, во периодот од септември до декември 2023 година, се организираа обуки за сите 13 инспекциски служби. На обуките беа поканети сите инспектори, а обуките се реализираа во Инспитниот центар на Инспекцискиот совет. За потребите на инспекторите и олесното користење на е-Инспектор, се изработија Практично Упатството за примена на е-Инспектор и интерактивни видеа со упатства за сите алатки и функционалности на системот. Изработена е Наставна програма за употреба на е-Инспектор врз основа на која ќе се развие обуката SCORM, која ќе биде поставена на системот LMS – системот за електронско учење на Инспекцискиот совет, како дел од Годишната програма за генеричка обука на инспекторите и како задолжителна обука за сите инспектори. Оваа обука ќе биде достапна за инспекторите од март 2024 година.

Во текот на 2023 година, согласно Годишниот план за јавни набавки, Инспекцискиот совет објави оглас за јавна набавка, со предмет на договорот на набавка - Изнајмување на облак (Cloud) платформа за хостирање на системите на Инспекцискиот совет (системот е-Инспектор, ЛМС систем кој во себе вклучува е-учење, е-тестирање и одржување на конференции во живо и сопствен маил сервер за службена комуникација на службениот домејн is.gov.mk, коишто овозможуваат поддршка во работењето на Советот) и склучи Договор за Изнајмување на облак (Cloud) платформа за хостирање на системите на Инспекцискиот совет кој е со важност од 12 месеци, односно до септември 2024 година.

Со цел да се даде преглед на состојбите со човечките ресурси во инспекциските служби, во однос на бројот на систематизирани работни места на инспектори во 2023 година, планираните пензионирања на инспектори во 2023, 2024 и 2025, како и да се дадат

препораки за подобрување на состојбите и идниот развој на инспекциските служби, Советот во јануари 2024 година изработи Информација за кадровската екипираност на инспекциските служби во 2023 година, со План за доекипирање 2024-2025 година и истата во јануари 2024 година ја достави до Владата на Република Северна Македонија. Според Информацијата, пополнетоста на работните места во инспекциските служби изнесува само 62 %.

Инспекцискиот совет како координативно тело, во континуитет спроведува активности за унапредување на инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, што вклучува интензивна комуникација и соработка со домашни и странски институции и организации.

Инспекцискиот совет одржува редовна, интензивна и продуктивна соработка со Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, Имено, со оглед на тоа што дигитализацијата е една од приоритетите за кои што се залага Кабинетот, Инспекцискиот совет постојано добива поддршка во развивањето на платформата е-Инспектор. Советот редовно одржува состаноци со Кабинетот, на коишто се разговара и следи развивањето на системот е-Инспектор и се разгледуваат можностите за неговиот понатамошен развој. Покрај тоа, во соработка со Кабинетот се следи и исполнувањето на активностите на Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025, со тоа што Советот редовно доставува извештаи за степенот на исполнетост на активностите предвидени во истата.

Советот успешно и континуирано соработува со ДКСК на сите полиња од заеднички интерес. Имено, како резултат на успешната соработка меѓу Советот и ДКСК во Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2022 година беше вклучена нова тема: Спречување на корупцијата, која Советот ја изработи во соработка со ДКСК. Оваа обука инспекциските служби можеа да ја вклучат во Годишниот план за индивидуално и стручно усовршување и обука на инспекторите, како една од најмалку трите генерички обуки коишто се вклучуваат од Годишната програма. Советот како дел од Национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025, е назначен за надлежна институција заедно со ресорните министерства кои имаат инспекциски служби, како вклучени институции, да ја спроведат активноста Анализа на законските надлежности на инспекциските служби, чија цел е јакнење на надзорните и контролните механизми, преку прецизирање и разграничување на надлежностите на одделни инспекциски служби.

Инспекцискиот совет во текот на 2022 година реализираше интензивна и продуктивна соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) во рамки на изработката на новата Стратегија за реформа на јавната администрација за период 2023-2030. Инспекцискиот совет, како координативно тело на инспекциските служби, од јули 2022 година и во текот на целата 2023 година е вклучен во креирање на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030), во III Приоритетна област-Одговорност, отчетност и транспарентност.

Инспекцискиот совет во 2023 година активно учествуваше во подготовка на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023 - 2027 година, со Акциски план за формализирање на неформалната економија 2023 - 2025 година, преку номинирани лица од Советот, на покана на Министерството за финансии. Претседателот Рендевска е назначена за член на Националниот совет за формализација на неформалната економија, како член во Меѓуресорското тело за координација на активностите за спроведување на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023 - 2027 година е назначен надлежниот член во Советот за Област 1, а како заменик Генералниот секретар на Инспекцискиот совет, кои учествуваа на состаноците одржани за таа цел.

Инспекцискиот совет е вклучен во проектот „Поттикнување на јавната дебата за отчетност" на Институтот за демократија – Социетас Цивилис Скопје, поддржан од Националниот фонд за демократија. Во текот на 2023 година Советот одржа повеќе средби со претставници на Институтот, а кои се однесуваат на стратешкото справување со идните антикорупциски предизвици. Покрај тоа, Советот е активно вклучен во мониторингот на имплементацијата на антикорупциски политики направени во Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот пазарен инспекторат, од страна на Институтот за демократија и одржува редовни средби со негови претставници, во насока на продолжување на веќе успешната соработка.

Во текот на месец јули и август 2023 година Инспекцискиот совет го започна проектот ИНФО ДЕНОВИ. „ИНФО деновите" коишто се од информативно – советодавен карактер, се одржуваат со цел да се помогне на општинските инспекциски служби доследно да го применуваат Законот за инспекциски надзор. Досега се посетени Град Скопје и општините Аеродром , Кисела Вода, Карпош , Ѓорче Петров , Охрид , Дебрца , Вевчани , Струга, Валандово, Богданци , Неготино, Боговиње , Врапчиште , Гостивар и Брвеница на кои беа присутни Градоначалниците, секретарот на општините и инспекторите.

Во мај 2023 година, претставници на Советот присуствуваа на Национална конференција за акредитација на меѓународни стандарди како алатка за спречување на корупција, која претставува една од активностите на тековната Активност за против-корупција и интегритет, финансирана од USAID и имплементирана од IFES, на покана на Институтот на демократија на РСМ.

Во јуни 2023 година одржана е работна средба помеѓу директорот на Државениот пазарен инспекторат Горан Трајковски, директорот на Државниот девизен инспекторат Нурфет Карагоски, претседателката на Инспекцискиот совет Даниела Рендевска и членот на Инспекциски совет од Област 1-Пазар, работни односи и безбедност и здравје при работа Игор Вељаноски. На работната средба се потпиша Меморандум за соработка помеѓу помеѓу Државниот девизен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат и Инспекциски совет, чија цел е да се обезбеди стручна поддршка на Државниот девизен инспекторат во делот на спроведување на деветмесечната практична работа и обука на работно место, под надзор на ментор, за стекнување на лиценца за инспектор.

Во рамките на проектот "Зајакнување на внатрешниот пазар" кој се спроведува во Министерството за економија и чија четврта компонента е поврзана со работата на Државниот пазарен инспекторат, организирана е презентација на тема: Стратегија и

препораки за реорганизација на работата на Државниот пазарен инспекторат на Северна Македонија учество земаа претставници од Инспекцискиот совет.

Инспекцискиот совет со свои претставници зема активно учество во Работната група формирана од Министерот за правда, во врска со изработка на Нацрт-законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи, и преку свои коментари и предлози заедно со другите учесници од повеќе институции, на крајот на месец ноември по одржани 17 работни состаноци го креираа предложениот нацрт- закон.

Покрај редовната соработка со другите државни институции во РСМ, Инспекцискиот совет во месец април 2023 година оствари работна средба и со Агенцијата за надзор на пазарот на Република Босна и Херцеговина. На средбата гостите од БИХ ги запознаа присутните за работата на Агенцијата и нејзините активности во врска со надзорот на пазарот во БИХ, начинот на вршење на инспекцискиот надзор според законските прописи на БИХ и статусот на инспекторите. Од страна на претставниците на Советот беше истакната важноста на алатката е-Инспектор чија функција им беше презентирана на претставниците од БИХ.

## 13. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА

Постапувајќи во рамките на законските надлежности, Инспекцискиот совет текот на 2024 година одржа вкупно 56 седници, на кои се разгледани вкупно 654 точки.

Во врска со спроведување на Програмата 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби, Инспекциски совет во текот на 2024 година ги постигна следните резултати:

| Очекувани резултати од Програмата: | |
|---|---|
| Резултат 1:<br>Целосна усогласеност, поедноставување и хармонизација на материјалните закони со Законот за инспекциски надзор | Показател за успешност:<br>Број на усогласени материјални закони и подзаконски акти, со ЗИН (10), |
| Резултат 2:<br>Спроведување на дигиталната платформа „е-инспектор“ во сите инспекциски служби на централно ниво | Показател за успешност:<br>Број на инспекциски служби кои ја користат платформата „е-инспектор“ (16),<br>Број на инспекциски надзори (по вид), кои се целосно планирани и спроведени преку платформата „е-инспектор“ (2.223) |
| Резултат 3:<br>Воспоставени внатрешни стандардни оперативни процедури (СОП) за преземање дејства и постапување по примени информации | Показател за успешност:<br>Број на СОП усвоени од Советот (0) |

| | |
|---|---|
| Резултат 4:<br>Засилена улога на Инспекцискиот совет, особено во координацијата на инспекциските служби | Показател за успешност:<br>Број на издадени налози за единечни и заеднички вонредни надзори (38, 21 единечни и 17 заеднички)<br>Број на дадени мислења за Шестмесечни извештаи за работа на инспекциските служби (52)<br>Број на дадени согласности за Годишни планови за работа на инспекциските служби (27) |
| Резултат 5:<br>Реорганизација и намалување на бројот на инспекциски служби и зголемување на пополнетоста на работните места за инспектори на најмалку 80%, | Показател за успешност:<br>Број на инспекциски служби (28),<br>Број на инспектори (842),<br>Процент на пополнетост на работни места за инспектори (62%) |

Оценката на постигнатите резултати од спроведување на Програмата 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби е 4,2 на скала од 1 до 5, поради тоа што Резултат 5 се оценува со 1 затоа што не е реализирани во текот на 2024 година. Останатите резултати се целосно реализирани и се оценети со оцена 5.

Во врска со спроведување на Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори, Инспекциски совет во текот на 2024 година ги постигна следните резултати:

| Очекувани резултати од Програмата: | |
|---|---|
| Резултат 1:<br>Спроведување на платформата за електронско учење на кандидатите за инспектори на општинско и централно ниво, како и на инспекторите во сите инспекциски служби на централно ниво | Показател за успешност:<br>Број на инспектори кои ја користат платформата (842)<br>Број на кандидати за инспектори кои ја користат платформата (57)<br>Број на додадени SCORM курсеви на ЛМС платформата (1) |
| Резултат 2:<br>Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор | Показател за успешност:<br>Број на издадени сертификати за завршена генеричка обука (3.341)<br>Број на кандидати за инспектори кои завршиле интерактивна обука (77)<br>Број на кандидати кои успешно го положиле општиот дел од Испит за стекнување со лиценца за инспектор (77)<br>Број на издадени лиценци за инспектори (229) |
| Резултат 3:<br>Подобрен имиџ на инспекторите во Република Северна Македонија со високо ниво на генерално познавање на предметните области и развиени вештини и | Показател за успешност:<br>Број на претставки против инспектори и инспекциски служби (490) |

| | |
|---|---|
| компетенции на инспекторите и кандидатите за инспектори | Број на иницијативи за покренување на дисциплинска одговорност од ИС (25) |
| Резултат 4:<br><br>Воспоставена професионална средина за обуки и јадро од високо професионални обучувачи инспектори | Показател за успешност:<br><br>Просечна оцена на анонимен анкетен прашалник за оцена квалитетот на интерактивната обуката за сите модули (нема)<br><br>Просечна оцена на анонимен анкетен прашалник за оцена квалитетот на обучувачите (нема)<br><br>Број на обучувачи инспектори (25) |

Оценката на постигнатите резултати од спроведување на Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори е 5 на скала од 1 до 5.

Во врска со спроведување на Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет, Инспекциски совет во текот на 2024 година ги постигна следните резултати:

| Очекувани резултати од Програмата: | |
|---|---|
| Резултат 1:<br><br>Зајакната организациска поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија | Показател за успешност:<br><br>Број на нови вработувања во Советот (0)<br><br>Број на унапредувања во Советот (0)<br><br>Број на реализирани вработувања преку мобилност во Советот (0)<br><br>Број на распоредувања во Советот (0) |
| Резултат 2:<br><br>Воспоставени програми за обука на вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување | Показател за успешност:<br><br>Број на успешно реализирани обуки (1)<br><br>Број на вработени кои посетиле Обука од областа на родова еднаквост (0)<br><br>Број на креирани обуки во дигиталната платформа (1) |

Оценката на постигнатите резултати од спроведување на Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет е 1 на скала од 1 до 5, затоа што и Резултат 1 и Резултат 2 не е реализирани текот на 2024 година.

Инспекцискиот совет во текот на 2024 година интензивно работеше на развивање на софтверско решение („Е-инспектор“), за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење, кој ќе овозможи електронско поврзување и работење на сите 28 инспекциски служби под негова јурисдикција. Во февруари 2022 година започна со реализација проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Основната цел на овој проект е целосна автоматизација и електронизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 нови модули за 13 инспекциски служби (ДИЗ, ДИП, ДСЗИ, ДИШЛ, АХВ, ДИТранс, ДИЖС, ДИТИ, ДИГУ, ДКИ, ИУЈ, ДИЛС, ДДИ). За потребите

на оваа проектна активност во првата половина на 2024 година се реализираа следните активности:

- Во периодот од 15 декември до крајот на април (кога сите инспекторати ќе бидат префрлени од тесна на продукциска околина) овозможено е тестирање на системот, од страна на сите инспектори, со цел да се откријат и пријават одредени неправилности и грешки при спроведување на инспекциската постапка преку системот;
- На 15 јануари 2024 година Државниот санитарен и здравствен инспекторат е целосно вклучен на платформата Е-инспектор;
- На 03 април 2024 година Државниот девизен инспекторат, Државен комунален инспекторат, Државен инспекторат за транспорт, Државен инспекторат за градежништво и урбанзам, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен инспекторат за локална самоуправа, Инспекторат за употреба на јазиците се целосно вклучени на платформата Е-инспектор;
- На 15 април 2024 година Државениот просветен инспекторат, Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за земјоделство, Државен инспекторат за техничка инспекција и Агенцијата за храна и ветеринарство се се целосно вклучени на платформата Е-инспектор;
- Спроведен е мониториг период од 30 дена за можна појава и решавање на технички проблеми при иницијално користење на системот Е-инспектор за сите вклучени инспекциски служби;
- Подготовено е ажурирано упатство за употреба на е-инспектор и истото е поставено на платформата;
- Изработени се корисничките упатства (видео туторијали за секоја функционланост на системот) и истите се поставени на платформата;
- Поставени се двојзичните обрасци на записникот и решението на платформата;
- Развиена е функционалноста во системот за давање мислење по однос на шестмесечните извештаи.
- Изработена е Наставна програма за употреба на Е-инспектор и развиена е обуката SCORM, која е поставена на системот LMS – системот за електронско учење на Инспекцискиот совет, како дел од Годишната програма за генеричка обука на инспекторите и како задолжителна обука за сите инспектори. Обуката е достапна за инспекторите од април 2024 година.
- Промоција на е-инспектор од страна на Инспекцискиот совет преку брифинг и соопштенија за јавност.

https://is.gov.mk/%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%b0%d1%80%d1%82-%d1%81%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%b4%d1%80%d0%b6%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%bd%d1%81%d0%bf%d0%b5%d0%ba%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b0%d1%82%d0%b8-%d1%81%d0%b5-%d0%bf/

Со целосно вклучување на платформата Е-инспектор на сите 13 испекциски служби од втората фаза, односно април 2024 година, официјално завршува проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, финанасиран од Европска Банка за обнова и развој, но ИТ компанијата ИТгма согласно договорот има обврска да го одржува системот уште една година, односно до април 2025 година. Во рамки на оддржувањето не се вклучени дополнителни поправки, односно ново развивање на нови барања, туку само одржување - поправање на технички грешки на веќе развиените функционалности во системот.

Во врска со третата фаза од проектот, односно приклучување на останатите 12 инспекциски служби, која беше предвидена да се реализира во текот на 2023 година, истата не е започната од причина што втората фаза, односно развојот на модулите за 13-те инспекциски служби сеуште не е целосно реализирана и по завршување на истата ќе започне со реализација третата фаза, вклучување на преостанати инспекциски служби од развојот на процесот на инспекциски надзор. Дополнително, развојот на модулите на 12-те останати инспекциски служби, односно Агенција за лекови и медицински средства - Одделение за инспекциски надзор, Агенција за млади и спорт - Сектор за инспекциски надзор , Дирекција за заштита и спасување - Сектор за генерален инспектор, Дирекција за радијациона сигурност- Одделение за инспекциски надзор, Државен архив на Република Македонија - Одделение за инспекциски надзор, Министерство за здравство - Сектор за хемикалии, Министерство за култура- Сектор за управен и инспекциски надзор, Министерство за транспорт и врски- Капетанија на пристаништа Охрид, Министерство за труд и социјална политика- Сектор за инспекциски надзор во социјалната заштита, Управа за заштита на културно наследство, Управа за сигурност во железничкиот сообраќај и Центар за управување со кризи - Одделение за инспекциски надзор, кои во овој момент се организирани како внатрешни организациски единици во состав на органите на државната управа, ќе зависи директно од процесот на реорганизација и оптимизација на инспекциските служби кој се одвива како дел од сеопфатниот процес на реорганизација и оптимизација на јавната администрација и ќе бидат предмет на вклучување во електронскиот систем, во зависност од крајниот исход на реорганизацијата.

Во врска со осовременувањето на хардверската подготовка на преостанатите 12 инспекциски служби, Советот успеа да обезбеди преносни компјутери за сите инспектори со поддршка од Владата на РСМ и Државниот завод за статистика преку Договори за давање на трајно користење на движни ствари без надомест, со кои 88 преносни компјутери се доделени на трајно користење на 12-те инспекциските служби. Имајќи го во превид фактот дека не е започнат Развојот на модулите за овие 12 инспекциски служби, Инспекцискиот совет во овој момент нема оправданост за да започне постапка за јавна набавка на останатата опрема, односно решенија за печатење во возила.

Инспекцискиот совет објави оглас за јавна набавка, со предмет на договорот на набавка - Изнајмување на Облак (Cloud) платформа за хостирање на системите на Инспекциски совет , вклучувајќи го и системот Е-инспектор, и склучи Договор за Изнајмување на Облак (Cloud) платформа за хостирање на системите на Инспекциски совет кој е со важност од 12 месеци, односно до октомври 2024 година. Одржувањето на системот Е-инспектор е во рамки на

проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија до април 2025 година.

Инспекцискиот совет како координативно тело, во континуитет спроведува активности за унапредување на инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, што вклучува интензивна комуникација и соработка со домашни и странски институции и организации.

Инспекцискиот совет одржува редовна, интензивна и продуктивна соработка со Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, заради подобрување на координацијата, утврдување на механизми за олеснување на меѓу институционалната комуникација, со цел зголемување на ефикасноста на антикорупцискиот систем во целина и дигитализација на општеството преку воспоставување и одржување на системот Е-инспектор.

Инспекцискиот совет и во 2024 година ја продолжи интензивната соработка со Државната комисија за спречување на корупција. Советот како дел од Национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025, е назначен за надлежна институција за една активност, додека во други 6 активности е наведен како вклучена институција.

Инспекцискиот совет и во 2024 година активно учествуваше во подготовка на Предлог-стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023-2027 година, преку номинирани лица од Советот, на покана на Министерството за финансии.

Инспекцискиот совет и во првата половина на 2024 година ја продолжи интензивна и продуктивна соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) во рамки на изработката на новата Стратегија за реформа на јавната администрација за период 2023-2030 година, каде е носител на 2 мерки и 6 активности.

## 14. ПРОГРАМИ

Инспекцискиот совет во периодот 2025-2027 година, ќе реализира неколку програми, со цел остварување на стратешките приоритети и цели. Програмите ќе се реализираат низ повеќе активности кои се дел од мисијата на Советот и ќе придонесат кон остварувањето на визијата на Советот. Имено, следните програми се креирани во функција на спроведување на Стратешкиот план на Советот:

- Програма 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби;
- Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори;
- Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет.

# 15. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ

## 15.1 План за спроведување на Програма 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби (буџетска програма 10 – администрација)

| **А: Оправданост и дизајн на Програмата** |
|---|
| |
| 1. Образложение: Програмата 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби произлегува од :Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година **Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти и од приоритетот на Програмата на Владата за 2024-2028 година: Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники.** |
| 2. НПАА<br><br>Поглавје: IV. Административни капацитети; 4.01 Хоризонтални прашања – Реформа на јавната администрација. |
| 3. Стратешки приоритети и цели на Инспекциски совет<br><br>Програмата 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби придонесува кон остварување на стратешки приоритет 1 - Автоматизиран и дигитализиран систем за следење и координација на работата на инспекциските служби на Инспекцискиот совет. |
| Цел на Програмата:<br><br>Цел 1 – Целосна усогласеност, поедноставување и хармонизација на материјалните закони со Законот за инспекциски надзор,<br><br>Цел 2 – Спроведување на дигиталната платформа „е-инспектор“ во сите инспекциски служби на централно ниво,<br><br>Цел 3 – Воспоставување на внатрешни стандардни оперативни процедури за преземање дејства и постапување по примени информации,<br><br>Цел 4 – Засилена улога на Инспекцискиот совет, особено во координацијата на инспекциските служби, |
| Показатели за успех на Програмата: |

| | |
|---|---|
| -Број на издадени мислења за усогласување на материјални закони и подзаконски акти, со ЗИН – помага при остварување на Цел 1 – Целосна усогласеност, поедноставување и хармонизација на материјалните закони со Законот за инспекциски надзор<br>-Број на инспекциски служби кои ја користат платформата „е-инспектор“ - помага при остварување на Цел 2 – Спроведување на дигиталната платформа „е-инспектор“ во сите инспекциски служби на централно ниво<br>-Број на инспекциски надзори (по вид), кои се целосно планирани и спроведени преку платформата „е-инспектор“, - помага при остварување на Цел 2 – Спроведување на дигиталната платформа „е-инспектор“ во сите инспекциски служби на централно ниво<br>-Број на СОП усвоени од Советот, - помага при остварување на Цел 3 – Воспоставување на внатрешни стандардни оперативни процедури за преземање дејства и постапување по примени информации<br>-Број на издадени налози за единечни и заеднички вонредни надзори - помага при остварување на Цел 4 – Засилена улога на Инспекцискиот совет, особено во координацијата на инспекциските служби | |
| Програмата е:<br>☒ хоризонтална ☐ вертикална | |
| Очекувани резултати од Програмата: | |
| Резултат 1:<br>Целосна усогласеност, поедноставување и хармонизација на материјалните закони со Законот за инспекциски надзор | Показател за успешност:<br>Број на издадени мислења за усогласување на материјални закони и подзаконски акти, со ЗИН |
| Резултат 2:<br>Спроведување на дигиталната платформа „е-инспектор“ во сите инспекциски служби на централно ниво | Показател за успешност:<br>Број на инспекциски служби кои ја користат платформата „е-инспектор“<br>Број на инспекциски надзори , кои се целосно планирани и спроведени преку платформата „е-инспектор“ |
| Резултат 3:<br>Воспоставување на внатрешни стандардни оперативни процедури за преземање дејства и постапување по примени информации | Показател за успешност:<br>Број на донесени СОП |
| Резултат 4: | Показател за успешност:<br>Број на издадени налози за единечни и заеднички вонредни надзори |

| | |
|---|---|
| Засилена улога на Инспекцискиот совет, особено во координацијата на инспекциските служби | |

| Б: План за спроведување на Програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Човечки ресурси | | | Финансиски ресурси (мкд) | | |
| | | | Почеток (мм.гггг) | Крај (мм.гггг) | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Издавање на мислења за усогласеност на материјален пропис со ЗИН | ИС<br>ОСКИС | МЈА | 01/2025 | 12/2027 | 10 | 11 | 11 | 0 | 0 | 0 |
| 2. Хостирање на системот Е-инспектор и останатите системи на Инспекциски совет | ООЗР<br>ОФП<br>ИС | Надворешни консултанти | 01/2025 | 12/2027 | 13 | 14 | 15 | 700.000 | 1.500.000 | 2.000.000 |
| 3. Одржување на системот Е-инспектор | ООЗР<br>ОФП<br>ИС | Надворешни консултанти | 04/2025 | 12/2027 | 13 | 14 | 15 | 600.000 | 3.000.000 | 4.000.000 |
| 4. Развој на процесот на инспекциски надзор (трета фаза, вклучување на 12 инспекциски служби) | ООЗР<br>ОФП<br>ИС | Надворешни консултанти | 01/2025 | 12/2025 | 14 | 0 | 0 | 2.350.000 | 0 | 0 |
| 5. Развој на останатите процеси (модули) од електронскиот систем: Управување со задачи, Управување со средства, Управување со претставки и предлози, | ООЗР<br>ОФП<br>ИС | Надворешни консултанти | 01/2026 | 12/2026 | 0 | 14 | 15 | 0 | 10.000.000 | 0 |

| Б: План за спроведување на Програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Човечки ресурси | | | Финансиски ресурси (мкд) | | |
| | | | Почеток (мм.гггг) | Крај (мм.гггг) | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| управување со човечки ресурси, Подготовка и одобрување на други документи | | | | | | | | | | |
| 6. Разгледување на месечни планови за работа на инспекциски служби | ОСКИС | И-Служби | 01/2025 | 12/2027 | 3 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| 7. Изработка на Информација за кадровска екипираност на инспекциските служби со План за доекипирање | ООЗР<br>ИС | И-Служби | 01/2025 | 12/2027 | 10 | 11 | 11 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно активности во 2025 година: (7) | | | | | 15 | | | 3.650.000 | | |
| Вкупно активности во 2026 година: (7) | | | | | | 12 | | | 14.500.000 | |
| Вкупно активности во 2027 година: (7) | | | | | | | 12 | | | 6.000.000 |
| Вкупно за Програма 1: | | | | | 15 | 16 | 17 | 3.650.000 | 14.500.000 | 6.000.000 |

## 15.2 План за спроведување на Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори (буџетска програма 10 – администрација)

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| |

| |
|---|
| 1. Образложение: Програмата 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година **Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти и од приоритетот на Програмата на Владата за 2024-2028 година: Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура  и иновативни процеси и техники.** |
| 2. НПАА<br>Поглавје: IV. Административни капацитети; 4.01 Хоризонтални прашања – Реформа на јавната администрација. |
| 3. Стратешки приоритети и цели на Инспекциски совет<br>Програмата 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори придонесува кон остварување на стратешкиот приоритет 2 Одржлив и дигитализиран систем за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби на Инспекцискиот совет. |
| Цел на Програмата:<br>Цел 1 – Континуирана надградба на платформата за електронско учење на кандидатите за инспектори на општинско и централно ниво, како и на инспекторите во сите инспекциски служби на централно ниво,<br>Цел 2 – Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор,<br>Цел 3 – Подобрен имиџ на инспекторите во Република Северна Македонија со високо ниво на генерално познавање на предметните области и развиени вештини и компетенции на инспекторите и кандидатите за инспектори,<br>Цел 4 – Воспоставена професионална средина за обуки и јадро од високо професионални обучувачи инспектори. |
| Показатели за успех на Програмата:<br>-Број на инспектори кои ја користат платформата за генерички обуки - помага при остварување на Цел 1 – Континуирана надградба на платформата за електронско учење на кандидатите за инспектори на општинско и централно ниво, како и на инспекторите во сите инспекциски служби на централно ниво<br>-Број на кандидати за инспектори кои ја користат платформата за интерактивни обуки - помага при остварување на Цел 1 – Континуирана надградба на платформата за електронско учење на кандидатите за инспектори на општинско и централно ниво, како и на инспекторите во сите инспекциски служби на централно ниво<br>-Број на додадени SCORM курсеви на ЛМС платформата - помага при остварување на Цел 1 – Континуирана надградба на платформата за електронско учење на кандидатите за инспектори на општинско и централно ниво, како и на инспекторите во сите инспекциски служби на централно ниво<br>-Број на издадени сертификати за завршена генеричка обука - помага при остварување на Цел 2 – Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор |

| | |
|---|---|
| -Број на кандидати за инспектори кои завршиле интерактивна обука- помага при остварување на Цел 2 – Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор<br>-Број на кандидати кои успешно го положиле општиот дел од Испит за стекнување со лиценца за инспектор- помага при остварување на Цел 2 – Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор<br>-Број на издадени лиценци за инспектори- помага при остварување на Цел 2 – Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор<br>-Број на претставки против инспектори и инспекциски служби - помага при остварување на Цел 3 – Подобрен имиџ на инспекторите во Република Северна Македонија со високо ниво на генерално познавање на предметните области и развиени вештини и компетенции на инспекторите и кандидатите за инспектори<br>- Број на иницијативи за покренување на дисциплинска одговорност од ИС - помага при остварување на Цел 3 – Подобрен имиџ на инспекторите во Република Северна Македонија со високо ниво на генерално познавање на предметните области и развиени вештини и компетенции на инспекторите и кандидатите за инспектори<br>-Просечна оцена на анонимен анкетен прашалник за оцена квалитетот на интерактивната обуката за сите модули - помага при остварување на Цел 4 – Воспоставена професионална средина за обуки и јадро од високо професионални обучувачи инспектори<br>-Просечна оцена на анонимен анкетен прашалник за оцена квалитетот на обучувачите - помага при остварување на Цел 4 – Воспоставена професионална средина за обуки и јадро од високо професионални обучувачи инспектори<br>-Број на обучувачи инспектори - помага при остварување на Цел 4 – Воспоставена професионална средина за обуки и јадро од високо професионални обучувачи инспектори | |
| Програмата е:<br>☒ хоризонтална ☐ вертикална | |
| Очекувани резултати од Програмата: | |
| Резултат 1:<br>Континуирана надградба на платформата за електронско учење на кандидатите за инспектори на централно и општинско ниво, како и на инспекторите во сите инспекциски служби на централно ниво | Показател за успешност:<br>Број на инспектори кои ја користат платформата за генерички обуки<br>Број на кандидати за инспектори кои ја користат платформата за интерактивни обуки<br>Број на додадени SCORM курсеви на ЛМС платформата |
| Резултат 2:<br>Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор | Показател за успешност:<br>Број на издадени сертификати за завршена генеричка обука<br>Број на кандидати за инспектори кои завршиле интерактивна обука |

| | |
|---|---|
| | Број на кандидати кои успешно го положиле општиот дел од Испит за стекнување со лиценца за инспектор<br>Број на издадени лиценци за инспектори |
| Резултат 3: Подобрен имиџ на инспекторите во Република Северна Македонија со високо ниво на генерално познавање на предметните области и развиени вештини и компетенции на инспекторите и кандидатите за инспектори | Показател за успешност:<br>Број на претставки против инспектори и инспекциски служби<br>Број на иницијативи за покренување на дисциплинска одговорност од ИС |
| Резултат 4:<br>Воспоставена професионална средина за обуки и јадро од високо професионални обучувачи инспектори | Показател за успешност:<br>Просечна оцена на анонимен анкетен прашалник за оцена квалитетот на интерактивната обуката за сите модули<br>Просечна оцена на анонимен анкетен прашалник за оцена квалитетот на обучувачите<br>Број на обучувачи инспектори |

**Б: План за спроведување на Програмата**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Човечки ресурси | | | Финансиски ресурси (мкд) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (мм.гггг) | Крај (мм.гггг) | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Одржување и развој на платформата за електронско учење LMS | ОИП<br>ОЕИ | | 01/2025 | 12/2027 | 2 | 5 | 7 | 250.000 | 700.000 | 700.000 |
| 2. Донесување годишна програма за генерички обуки | ОПРО<br>ОСО<br>ИС | | 01/2025 | 12/2027 | 10 | 11 | 12 | 0 | 0 | 0 |
| 3. Ажурирање на програма за интерактивна обука за стекнување на лиценца за инспектор | ОПРО<br>ОСО | | 01/2025 | 12/2027 | 10 | 11 | 12 | 0 | 0 | 0 |

| Б: План за спроведување на Програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Човечки ресурси | | | Финансиски ресурси (мкд) | | |
| | | | Почеток (мм.гггг) | Крај (мм.гггг) | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| | ИС | | | | | | | | | |
| 4. Ажурирање на програма за полагање на испит за инспектор-општ дел | ОПРО<br>ОСО<br>ИС | | 01/2025 | 12/2027 | 10 | 11 | 12 | 0 | 0 | 0 |
| 5. Изработка на курикулуми за обуки–наставни програми за обука на инспекторите | ОПРО<br>ОСО | Надворешни консултанти | 01/2025 | 12/2027 | 3 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| 6. Изработка на презентации за унифицираност на обучувачите | ОПРО<br>ОСО | Надворешни консултанти | 01/2025 | 12/2027 | 3 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| 7. Ажурирање на база за испитни прашања за спроведување на испит за инспектори-општ дел следејќи го трендот на законските измени | ОПРО<br>ОСО | Надворешни консултанти<br>ИС | 01/2025 | 12/2027 | 3 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| 8. Формирање и одржување на база на расположливи обучувачи | ОПРО<br>ОСО | ИС<br>Надворешни консултанти | 01/2025 | 12/2027 | 3 | 4 | 5 | 0 | 200.000 | 200.000 |
| Вкупно активности во 2025 година: (8) | | | | | 12 | | | 250.000 | | |
| Вкупно активности во 2026 година: (8) | | | | | | 16 | | | 900.000 | |
| Вкупно активности во 2027 година: (8) | | | | | | | 19 | | | 900.000 |

| Б: План за спроведување на Програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Човечки ресурси | | | Финансиски ресурси (мкд) | | |
| | | | Почеток (мм.гггг) | Крај (мм.гггг) | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| Вкупно за Програма 2: | | | | | 12 | 16 | 19 | 250.000 | 900.000 | 900.000 |

## 15.3 План за спроведување на Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет (буџетска програма 10 – администрација)

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| |
| 1.Образложение: Програмата 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година-**Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти и од приоритетот на Програмата на Владата за 2024-2028 година: Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники.** |
| 2. НПАА<br><br>Поглавје: IV. Административни капацитети; 4.01 Хоризонтални прашања – Реформа на јавната администрација. |
| 3. Стратешки приоритети и цели на Инспекциски совет<br><br>Програмата 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет придонесува кон остварување на стратешкиот приоритет 3 Инспекцискиот совет е клучен чинител во процесот на реформата на јавната администрација на Инспекцискиот совет. |
| Цел на Програмата:<br><br>Цел 1 – Зајакната организациска поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија, |

| |
|---|
| Цел 2 – Воспоставување на програми за обука на вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување, потребни за исполнување на стратегиските приоритети и цели,<br>Цел 3 – Подобрување на активната транспарентност, отворени податоци за јавноста и поедноставен пристап до нив,<br>Цел 4 – Воспоставување на одржливи стратегиски партнерства и склучување на договори со релевантни заинтересирани страни, вклучувајќи меѓународни организации и асоцијации поврзани со инспекциските служби, инспекциски служби, министерства и други државни органи, стопански комори, невладини организации и донаторска заедница,<br>Цел 5 – Подигната свест на граѓаните и на бизнис заедницата и обезбедено целосно разбирање (медиумско/јавно/политичко), за функцијата, улогата и значењето на Советот во процесот на реформата на јавната администрација |
| Показатели за успех на Програмата:<br>-Број на нови вработувања во Советот – помага при остварување на Цел 1 – Зајакната организациска поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија<br>-Број на унапредувања во Советот – помага при остварување на Цел 1 – Зајакната организациска поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија<br>-Број на реализирани вработувања преку мобилност во Советот– помага при остварување на Цел 1 – Зајакната организациска поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија<br>- Број на распоредувања во Советот– помага при остварување на Цел 1 – Зајакната организациска поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија<br>-Број на испразнети работни места преку пензионирања или заминувања - помага при остварување на Цел 1 – Зајакната организациска поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија<br>-Број на реализирани генерички обуки – помага при остварување на Цел 2 - Воспоставување на програми за обука на вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување, потребни за исполнување на стратегиските приоритети и цели<br>-Број на вработени кои посетиле Обука од областа на родова еднаквост – помага при остварување на Цел 2 - Воспоставување на програми за обука на вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување, потребни за исполнување на стратегиските приоритети и цели<br>-Број на реализирани специјализирани обуки- помага при остварување на Цел 2 - Воспоставување на програми за обука на вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување, потребни за исполнување на стратегиските приоритети и цели |
| Програмата е:<br>☐ хоризонтална ☒ вертикална |
| Очекувани резултати од Програмата: |

| Резултат 1: | Показател за успешност: |
|---|---|
| Зајакната организациска поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија | Број на нови вработувања во Советот<br>Број на унапредувања во Советот<br>Број на реализирани вработувања преку мобилност во Советот<br>Број на распоредувања во Советот<br>Број на испразнети работни места преку пензионирања или заминувања |
| Резултат 2: | Показател за успешност: |
| Воспоставување на програми за обука на вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување, потребни за исполнување на стратегиските приоритети и цели | Број на реализирани генерички обуки<br>Број на вработени кои посетиле Обука од областа на родова еднаквост<br>Број на реализирани специјализирани обуки |

**Б: План за спроведување на Програмата**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Човечки ресурси | | | Финансиски ресурси (мкд) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (мм.гггг) | Крај (мм.гггг) | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Изработка на Годишен план за вработување | ООЗР | МЈА<br>МФ<br>МПС | 01/2025 | 12/2027 | 6 | 6 | 6 | 0 | 0 | 0 |
| 2.Изработка на Годишен план за обуки на административните службеници во Инспекцискиот совет | ООЗР | МЈА | 01/2025 | 12/2027 | 6 | 6 | 6 | 0 | 0 | 0 |
| 3. Воспоставување и ажурирање на програми за обука за вработените во ИС | ОПРО<br>ОСО<br>ООЗР | МЈА | 01/2025 | 12/2027 | 9 | 10 | 11 | 0 | 0 | 0 |

| Б: План за спроведување на Програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Човечки ресурси | | | Финансиски ресурси (мкд) | | |
| | | | Почеток (мм.гггг) | Крај (мм.гггг) | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| преку дигиталната платформа за обуки LMS | | | | | | | | | | |
| 4. Посета на специјализирани обуки на административните службеници согласно специфики на работната позиција | ООЗР | ООЗР<br>ИС | 01/2025 | 12/2027 | 6 | 6 | 6 | 70.000 | 120.000 | 120.000 |
| 5. Континуирано одржување на веб страната на ИС | ОИП | ИС | 01/2025 | 12/2027 | 2 | 2 | 4 | 150.000 | 400.000 | 400.000 |
| 6. Унапредување на билатерална и меѓународна соработка | ИС<br>ООЗР | МДТ<br>УСАИД<br>ЕБОР<br>Република Албанија<br>Република Србија | 01/2025 | 12/2027 | 13 | 13 | 13 | 100.000 | 200.000 | 200.000 |
| Вкупно активности во 2025 година: (6) | | | | | 18 | | | 320.000 | | |
| Вкупно активности во 2026 година: (6) | | | | | | 19 | | | 720.000 | |
| Вкупно активности во 2027 година: (6) | | | | | | | 22 | | | 720.000 |
| Вкупно за Програма 3: | | | | | 18 | 19 | 22 | 320.000 | 720.000 | 720.000 |

# 16. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

Процесот на стратегиско планирање подразбира и воспоставување на функционален систем за следење, известување и оценување на постигнувањата односно на спроведувањето на стратешките приоритети и цели.

Имајќи го предвид тригодишниот циклус на стратегиското планирање, евидентно е дека најмалку еднаш годишно, при започнување на новиот циклус, треба да биде направена анализа на постојната состојба. Таквата анализа ќе овозможи сознанија за постигнатите резултати во претходниот период, но уште повеќе и разбирање на сопствените капацитети на Советот, неговите силни и слаби страни, предности и ризици, но и утврдување на предизвиците.

Врз основа на овие сознанија, ќе се направи соодветно прилагодување на стратегиските приоритети и цели за следните три години и ќе се предложат нови излезни решенија. Главниот инструмент на анализата се показателите на успешност кои се утврдени за секој стратегиски приоритет и цел, односно за секоја програмска активност. Затоа, од клучна важност е овие показатели да бидат мерливи, и да овозможат оценување на постигнувањата.

# 17. ВЛИЈАНИЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Остварувањето на предвидените цели и приоритети на Инспекцискиот совет се во директна зависност со бројот и структурата на службеници вработени во стручно – административната служба. Бројот на службеници вработени во службата, заклучно со 28.02.2025 година, изнесува 11 (од кои две се во мирување, а едно од нив е распределено од ниво Б04 на А01) од предвидените 38, односно 26,3 %. Според тоа, јасно е дека со ваков потенцијал на човечките ресурси, не може да се очекува успешно спроведување на стратешките определби на Инспекцискиот совет во наредниот тригодишен период, особено имајќи ги во предвид надлежностите во доменот на обука на инспекторите, како и во доменот на ИТ работењето.

Затоа е од клучно значење во наредните три години континуирано да се овозможува одобрување и доследно спроведување на плановите за вработување на службеници во Советот, но и итно спроведување на реорганизацијата на инспекциските служби, а во тој контекст особено значаен сегмент е централизирање на ИТ услугите.

| Програма | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потребите од обука |
|---|---|---|---|
| **Програма 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби** | **Нови вработувања**<br>2025:<br>-/<br>2026:<br>-Советник за правни и нормативни работи (води евиденција на склучени договори, меморандуми, изготвува тужби, одговори на тужби и жалби, следи и анализира закон, дава мислења по правни прашања)<br>- Виш референт за водење регистри (целосно, навремено и ефективно ажурирање на регистрите кои го води Инспекцискиот совет согласно Законот за инспекциски надзор)<br>-Помлад соработник за следење и координација (помага во процесот на постапување по претставки од физички и правни лица, помага во водењето на евиденцијата за реализацијата на издадените налози)<br>2027:<br>-Самостоен референт – писар/архивар (во моментот Советот има архивар кој е ангажиран преку СОЗР, поради чести промени на ангажираните лица потребно Советот да има редовно вработен писар/архивар)<br>**Унапредувања** | Распоредувања<br>2025: /<br>2026: /<br>2027 / | Генерички обуки согласно Годишен план за обуки на административни службеници за 2024 година |

| Програма | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потребите од обука |
|---|---|---|---|
| | 2025: Соработник за јавни набавки (целосно спроведување на постапките за јавни набавки во Инспекцискиот совет)<br>2026:<br>-/<br>2027: / | | |
| **Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори** | **Нови вработувања**<br>2025:<br>/<br>2026:<br>-Помлад соработник за планирање и развој на обуки (наједноставни рутински стручно-административни работи од областа на анализа и развој на програми за обука, курикулуми за обука во училница и е-обука и други работи од делокругот на организационата единица)<br>2027: /<br>**Унапредувања**<br>2025:<br>-Советник за анализа и развој на програми за обука (изработка на анализи за потреби од обуки на инспекторите, изработува Годишна програма за генерички обуки на инспекторите, Програма за интерактивна обука за стекнување со лиценца за | Распоредувања<br>2025: /<br>2026: /<br>2027 / | Генерички обуки согласно Годишен план за обуки на административни службеници за 2024 година |

| Програма | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потребите од обука |
|---|---|---|---|
| | инспектор и Програма за испит за лиценца за инспектор – општ дел, изработува програми за обука за обучувачи од редовите на инспекторите и други работи од делокругот на организационата единица)<br>-Раководител на Одделение за планирање и развој на обуки (ја раководи и координира работата на одделението и го организира, насочува, координира и учествува во ефективното и ефикасно спроведување на обуките)<br>2026:<br>-Раководител на Сектор за Обуки (Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, давање совети и насоки од делокругот на работа на организационата единица)<br>2027: / | | |
| **Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет** | **Нови вработувања**<br>2025:<br>/<br>2026:<br>-Советник за стратешко планирање и човечки ресурси (правилна примена на законите и подзаконските акти од областа на човечките ресурси, вклучувајќи ги оние поврзани со правичната застапеност на заедниците, се грижи за постојаниот развој на квалитетот и професионалноста на административните службеници во Советот) | Распоредувања<br>2025: /<br>2026: /<br>2027 / | Генерички обуки согласно Годишен план за обуки на административни службеници за 2024 година |

| Програма | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потребите од обука |
|---|---|---|---|
| | -Раководител на Одделение за е-инспекции (ја раководи, организира, насочува и координира работата на одделението, учествува во изработката на проекти за соодветни хардверски и софтверски системи во Советот и нивна примена, активно соработува со надворешни консултанти во областа на ИКТ за одржување на соодветни хардверски и софтверски системи во Советот)<br>-Советник за бази на податоци и регистри (го одржува системот на електронските бази на податоци на Советот, го следи и оптимизира работењето на базите на податоци, генерира различни извештаи врз основа на податоците во базите на податоци за потребите на статистички и аналитички прегледи и извештаи)<br>- Соработник – сметководител (во моментот Советот користи сметководствени услуги преку СОЗР, но постои потреба Советот да има редовно вработен сметководител за ефикасно извршување на работните задачи од областа на сметководството)<br>2027:<br>-Советник веб-мастер (го дизајнира изгледот на веб страницата на Советот, ја уредува, одржува и постојано ја ажурира содржината на веб страницата на Советот)<br>- Советник за спроведување на буџетска контрола (спроведува ex post сметководствена контрола на целокупната документација по извршено евидентирање и плаќање, изготвува месечни финансиски извештаи за | | |

| Програма | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потребите од обука |
|---|---|---|---|
| | реализација на извршувањето на буџетот по организациони единици)<br>**Унапредувања**<br>2025:/<br>2026:<br>-Раководител на Одделение за општи и заеднички работи ( ги следи и анализира законите, подзаконските акти и интерните документи и подготвува предлози до Советот за нејзино усогласување, ги следи прописите од областа на канцелариско и архивско работење, се грижи за постапување со класифицирани податоци)<br>2027:/ | | |

## 18. ПРИНЦИП НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

| 2025 очекувано влијание | 2026 очекувано влијание | 2027 очекувано влијание |
|---|---|---|
| Советот, во рамките на можностите, го спроведува уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и го применува при зајакнување на капацитетите со човечки ресурси. | Во текот на 2026 година Советот ќе продолжи да со почитување на уставното начело, при секоја постапка за пополнување на слободно работно место. | Во текот на 2027 година Советот ќе продолжи да со почитување на уставното начело, при секоја постапка за пополнување на слободно работно место. |

| 2025 очекувано влијание | 2026 очекувано влијание | 2027 очекувано влијание |
|---|---|---|
| Во текот на 2025 година Советот ќе продолжи да со почитување на уставното начело, при секоја постапка за пополнување на слободно работно место. | | |

# 19. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Во смисла на родова структура на вработените во Инспекцискиот совет, од вкупно 16 вработени, 6 се жени, а 10 се мажи (Табела 2).

*Табела 2 Родова структура на вработените во Инспекцискиот совет*

| Работно место | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Членови на Советот | 1 | 6 | 7 |
| Раководни стручно-административни службеници | 2 | 1 | 3 |
| Стручни стручно-административни службеници | 3 | 3 | 6 |
| Вкупно | 6 | 10 | 16 |

| 2025 очекувано влијание | 2026 очекувано влијание | 2027 очекувано влијание |
|---|---|---|
| Се планира во текот на 2025 година, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, Советот да определи координатор и негов заменик за еднакви можности на жените и мажите.<br>Не се очекува нарушување на овој принцип. | Не се очекува нарушување на овој принцип. | Не се очекува нарушување на овој принцип. |

# 20. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ

| Функција | 2025 очекувано влијание | 2026 очекувано влијание | 2027 очекувано влијание |
|---|---|---|---|
| **Креирање политики (изработување на подзаконски акти)** | Подзаконските акти кои произлегуваат од ЗИН, а се во надлежност на Советот, се донесени во 2019 година, а нивната практична примена отпочна во текот на 2020 година.<br><br>Во таа смисла Советот во рамките на своите редовни активности, постојано ќе ја следи нивната примена, а доколку се идентификуваат одредени слабости или недостатоци, тогаш ќе се пристапи кон нивно ажурирање и прилагодување на потребите.<br><br>Во 2025 година се планира да се пополнат следните работни места:/ | Во текот на 2026 година, ќе продолжат редовните активности во однос на следењето на примената на прописите, а доколку се идентификуваат одредени слабости или недостатоци, ќе се пристапи кон нивно ажурирање и прилагодување на потребите.<br><br>Во 2026 година се планира да се пополнат следните работни места:<br><br>- Советник за правни и нормативни работи<br><br>- Раководител на Одделение за општи и заеднички работи | Во текот на 2027 година, ќе продолжат редовните активности во однос на следењето на примената на прописите, а доколку се идентификуваат одредени слабости или недостатоци, ќе се пристапи кон нивно ажурирање и прилагодување на потребите.<br><br>Во 2027 година се планира да се пополнат следните работни места:<br><br>-/ |
| **Регулаторна функција (лиценцирање)** | Во однос на лиценцирањето на инспекторите, со ЗИН е воведен нов систем, според кој право на полагање за лиценца имаат само лица кои се вработени во инспекциските служби како кандидати за инспектори, по претходно завршување на обука во период од 9-12 месеци.<br><br>Во таа смисла, во текот на 2025 година, се очекува низ овој процес да поминат не само кандидатите за инспектори во централните, туку и во локалните инспекциски служби. Во отсуство на историски показатели, тешко е да се предвиди бројот на кандидати за инспектори, но тој треба | Во текот на 2026 година, се очекува овој процес да продолжи со зајакнати капацитети на Советот, но имајќи ги во вид плановите за реформи во јавната администрација, за очекување е да се зголеми бројот на кандидати за инспектори.<br><br>Во 2026 година се планира да се пополнат следните работни места:<br><br>- Помлад соработник за планирање и развој на обуки<br><br>- Раководител на Сектор за Обуки | Се очекува овој процес да продолжи и во текот на 2027 година, со мала веројатност за промена на бројот на кандидати за инспектори.<br><br>Во 2027 година се планира да се пополнат следните работни места:<br><br>Помлад соработник за планирање и развој на обуки<br><br>Во 2027 година се планира да се пополнат следните работни места:<br><br>-/ |

| Функција | 2025 очекувано влијание | 2026 очекувано влијание | 2027 очекувано влијание |
|---|---|---|---|
| | да се движи во распон од околу +-5% годишно или помеѓу 50 – 100 кандидати.<br><br>Во 2025 година се планира да се пополнат следните работни места:<br><br>- Советник за анализа и развој на програми за обука<br>- Раководител на Одделение за планирање и развој на обуки | | |
| **Функција на координација (координирање на инспекциски служби)** | Координирањето на работењето на инспекциските служби е суштинска надлежност на Советот, која ќе се спроведува низ следење на планските и извештајни документи, како и низ процесот на издавање на налози за поединечни и заеднички вонредни надзори.<br><br>Во 2025 година се планира да се пополнат следните работни места:<br><br>-/ | Во 2026 година се очекува Одделението да продолжи со редовно спроведување на своите надлежностите, но и со зајакнати капацитети и повисоко ниво на професионалност и посветеност кон работата со цел ефективно и ефикасно извршување на надлежностите на Советот.<br><br>Со индивидуалните планови за стручно усовршување ќе бидат планирани обуки за вработените.<br><br>Во 2026 година се планира да се пополнат следните работни места:<br><br>- Помлад соработник за следење и координација | Во 2027 година се очекува Одделението да продолжи со редовно спроведување на своите надлежностите, но и со зајакнати капацитети и повисоко ниво на професионалност и посветеност кон работата со цел ефективно и ефикасно извршување на надлежностите на Советот.<br><br>Со индивидуалните планови за стручно усовршување ќе бидат планирани обуки за вработените.<br><br>Во 2027 година се планира да се пополнат следните работни места:/ |
| **Заеднички функции за поддршка (стратешко планирање, управување со човечки ресурси, правни и нормативни работи, јавни набавки)** | Со Правилникот за внатрешна организација на Советот, во Секторот за следење, координација и заеднички работи, предвидено е Одделение за општи и заеднички работи, со шест работни места и Одделение за финансиски прашања, со пет работни места. | Во 2026 година се очекува Одделенијата да продолжат со спроведување на своите надлежностите со зајакнати квалитативни и квантитативни капацитети, односно да се постигне значително повисоко ниво на професионалност и посветеност кон работата со | Во 2027 година се очекува Одделенијата да продолжат со спроведување на своите надлежностите со зајакнати квалитативни и квантитативни капацитети, односно да се постигне значително повисоко ниво на професионалност и посветеност кон работата со |

| Функција | 2025 очекувано влијание | 2026 очекувано влијание | 2027 очекувано влијание |
|---|---|---|---|
| | Практично, во овие одделенија се концентрирани сите заеднички функции, вклучувајќи ги стратешко планирање, управување со човечки ресурси, правни и нормативни работи, јавни набавки, превод и лектура од и на албански јазик, како и обезбедувањето на логистичка и стручно – административна поддршка (секретарски услуги, архива, итн.).<br>Со индивидуалните планови за стручно усовршување планирани се и обуки за вработените.<br>Во 2025 година се планира да се пополнат следните работни места:<br>- Соработник за јавни набавки | цел ефективно и ефикасно извршување на надлежностите на Советот.<br>Со индивидуалните планови за стручно усовршување ќе бидат планирани обуки за вработените.<br>Во 2026 година се планира да се пополнат следните работни места:<br>- Советник-сметководител<br>- Виш референт за водење регистри<br>- Советник за стратешко планирање и човечки ресурси | цел ефективно и ефикасно извршување на надлежностите на Советот.<br>Со индивидуалните планови за стручно усовршување ќе бидат планирани обуки за вработените.<br>Во 2027 година се планира да се пополнат следните работни места:<br>-Самостоен референт – писар/архивар<br>- Советник за спроведување на буџетска контрола |
| **ИКТ поддршка** | Во текот на 2020 година, Советот во соработка со МИОА, започна со развојот на електронска платформа за инспекциско работење „е-инспектор“, која има цел да ја дигитализира и автоматизира работата поврзана со спроведувањето на инспекциските надзори во сите фази.<br>Во пилот фазата, еден од првите модули кои се развиени, е и модулот за ИТ хелп деск. Целта на овој модул е да обезбеди централизиран систем на ИТ поддршка за сите инспекциски служби на централно ниво. | Во текот на 2026 година, ќе се продолжи со спроведување на платформата „е-инспектор“, во преостанатите инспекциски служби, а ќе се заокружи и функционирањето на ИТ хелп дескот за поддршка на сите инспекциски служби на централно ниво.<br>Во 2026 година се планира да се пополнат следните работни места:<br>- Раководител на Одделение за е-инспекции<br>- Советник за бази на податоци и регистри | Во текот на 2027 година, ќе се направи преглед на успешноста и искуствата од работењето на платформата „е-инспектор“, врз основа на што ќе се преземат соодветни мерки за негова надградба и ажурирање, вклучувајќи го и модулот за ИТ хелп деск за поддршка на сите инспекциски служби на централно ниво.<br>Во 2027 година се планира да се пополнат следните работни места:<br>-Советник веб-мастер |

| Функција | 2025 очекувано влијание | 2026 очекувано влијание | 2027 очекувано влијание |
|---|---|---|---|
| | Во 2025 година се планира да се пополнат следните работни места:<br>-Раководител на Сектор за обуки | | |
| **Внатрешна ревизија** | Со Правилникот за внатрешна организација на Советот, не е предвидена организациска единица за спроведување на оваа функција.<br>За нејзино спроведување Советот има склучено Договор за давање услуги – вршење на внатрешна ревизија од страна на единицата за внатрешна ревизија со Агенција за администрација со архивски број 03-1191/1 од 01.12.2023 година. | Во 2026 година се очекува да продолжи соработката со Агенција за администрација, односно спроведувањето на договорот за обезбедување на внатрешна ревизија во Советот. | Во 2027 година се очекува да продолжи соработката со Агенцијата за администрација, односно спроведувањето на договорот за обезбедување на внатрешна ревизија во Советот. |

# 21. АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ

## 21.1 Ризици на ниво на стратешки план

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| **Ненавремено и нецелосно воспоставување на дигиталната платформа „е-инспектор“** | Голема | Голема | Целосен развој и воведување на софтверското решение за инспекциски служби (е-инспектор);<br>Обезбедување на финансиски средства за развој на сите модули на софтверското решение |

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| | | | и негово воведување во сите инспекциски служби. |
| **Ненавременото и нецелосното пополнување на работните места во согласност со Актите за организација и систематизација на работните места во Инспекцискиот Совет** | Голема | Голема | Одобрување и доследно спроведување на Годишните планови за вработување на Инспекциски совет<br>Обезбедување на финансиски средства за вработување на потребните човечки ресурси и за нивна континуирана обука. |
| **Неусогласеност на материјалните закон со Закон за инспекциски надзор** | Голема | Голема | Континуирано усогласување на материјалните закони<br>Анализа на законите каде што е предвиден инспекциски надзор,  со предлози за измени и дополнувања на тие закони. |
| **Оневозможување на процесот на стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори.** | Средна | Средна | Обезбедување на финансиски средства за ангажирање на обучувачи (внатрешни и надворешни)<br>Обезбедување на финансиски средства за одржување на платформата за е-обуки LMS. |

## 21.2 Ризици на ниво на Програма 1 – Следење и координација на работата на инспекциските служби

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| **Ненавремено и нецелосно воспоставување на дигиталната платформа „е-инспектор“** | Голема | Голема | -Целосен развој и воведување на софтверското решение за инспекциски служби (е-инспектор);<br>-Обезбедување на финансиски средства за развој на сите модули на софтверското решение и негово воведување во сите инспекциски служби. |
| **Неусогласеност на материјалните закон со Закон за инспекциски надзор ( „Сл. есник на РСМ„ бр.102/19, 272/24 и 22/25)) и загрозување на реформата на инспекцискиот систем во РСМ.** | Средна | Голема | Континуирано усогласување на материјалните закони<br>Анализа на законите каде што е предвиден инспекциски надзор, со предлози за измени и дополнувања на тие закони. |
| **Неспроведување на функционалната хоризонтална анализа на инспекциските служби** | Голема | Голема | Измена на Законот за организација и работа на органите на државна управа. |

## 21.3 Ризици на ниво на Програма 2 – Стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| **Ненавременото и нецелосното пополнување на работните места во согласност со Актите за организација и систематизација на работните места во Инспекцискиот Совет** | Голема | Голема | Одобрување и доследно спроведување на Годишните планови за вработување на Инспекциски совет<br>Обезбедување на финансиски средства за вработување на потребните човечки ресурси и за нивна континуирана обука. |
| **Оневозможување на процесот на стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори.** | Средна | Средна | Обезбедување на финансиски средства за ангажирање на обучувачи (внатрешни и надворешни)<br>Обезбедување на финансиски средства за одржување на платформата за е-обуки. |
| **Оневозможување на реализација на доставените иницијативи за покренување на** | Голема | Голема | Измена на Законот за административни службеници, од аспект на рокот на застарување на сторениот дисциплински престап |

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| **дисциплинска одговорност од страна ИС** | | | |

## 21.4 Ризици на ниво на Програма 3 – Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| **Ненавременото и нецелосното пополнување на работните места во согласност со Актите за организација и систематизација** | Голема | Голема | Одобрување и доследно спроведување на Годишните планови за вработување на Инспекциски совет.<br>Обезбедување на финансиски средства за вработување на потребните човечки ресурси и за нивна континуирана обука. |

# 22. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ИС | Инспекциски совет |
| ЗИН | Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19, 272/24 и 22/25)) |
| ЛМС | Систем за управување со учењето |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| МЈА | Министерство за јавна администрација |
| МДТ | Министерство за дигитална трансформација |
| МПС | Министерство за политички систем |
| ОИП | Одделение за ИКТ поддршка |
| ОСО | Одделение за спроведување обуки |
| ОПРО | Одделение за планирање и развој на обуки |
| ОФП | Одделение за финансиски прашања |
| ОСКИС | Одделение за следење и координација на инспекциските служби |
| ООЗР | Одделение за општи и заеднички работи |
| ОЕИ | Одделение за е-инспекции |